Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совревски од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ на 52. Седница, одржана на 20 април 2011 година, донесе Одлука бр. 1602-57/12 за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Светомир Шкариќ, редовен професор (претседател);
2. проф. д-р Владимир Ортаковски, редовен професор (член);
3. проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор (член),

за избор на соработник ***асистент*** за научата област ***право на Европска унија***. На Конкурсот објавен во дневните гласила „Дневник“ и „Лајм“ на 9 април 2011 год. се пријавија во определениот рок следниве кандидати: Македонка Виларова, Ана Никодиновска, Елена Петреска и Елена Радева.

Врз основа на деталното запознавање со конкурсните услови и законските одредби и по опстојното разгледување на пристигнатите пријави и приложените документи поединечно за секој кандидат, Комисијата има чест и задоволство на членовите на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да им го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Македонка Виларова** е родена на 22 декември 1969 г. во Велес. Од доставената документација и биографија утврдивме дека кандидатката завршува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1994 год. и се стекнува со звање *професор по македонски јазик*. Во 2010 год. завршува магистерски студии на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово со просек 9,58. На 13 март 2010 г. го одбранува магистерскиот труд *„Улогата на македонската десница во процесот на осамостојувањето на Република Македонија“*, со што се стекнува со стручен назив *магистер по дипломатија*. Кандидатката работи како професор по македонски јазик од 1994 год. во неколку основни училишта во Велес, започнувајќи во ОУ „Васил Главинов“ па сè до ОУ „Благој Кирков“ во 2010 год, при што во 2003/2004 год. ја извршува функцијата директор на училиштето ОУ „Трајко Андреев“ – Велес. Во 1995/1996 год. работи како новинар, водител и како уредник на „*Детски и образовен екран*“ во ТВ „Велес“. Кандидатката посетува разни обуки и предавања, учествува на разни натпревари, манифестации и семинари за што во биографијата наведува дека се стекнува со дипломи, пофалници и слично. Таа, исто така, одржува предавања со презентации преку учество на различни проекти како: користење на ИКТ, комуникациски вештини и едукативни работилници за Европската унија. Покрај тоа, кандидатката врши лектура на две книги и два написа за веб-портали. Членува во различни невладини организации и здруженија, со функција на претседател и потпретседател. Кандидатката го познава англискиот јазик и се служи со компјутерските програми од Windows и Office. Поседува комуникациски и лидерски способности за тимско работење. Во однос на научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и врз основа на поднесените трудови, се гледа дека кандидатката настапила со статија на Меѓународна научна конференција организирана од Славјанскиот универзитет во Свети Николе (за што има приложено примерок) и со труд од областа на евроинтеграциските процеси презентиран на Научна конференција одржана на УИЕУ.

По детално разгледување на пријавата и на доставените документи на кандидатката, Комисијата утврди дека кандидатката ги доставила следниве документи:

- пријава;
- четири примероци од кратка биографија;
- една фотокопија од диплома - заверена на нотар;
- три фотокопии од диплома - незаверени на нотар;
- една фотокопија од уверение за положени испити - незаверена на нотар;
- два примерока од трудови;
- оригинал уверение за познавање на англиски јазик;
- уверение за државјанство.

Кандидатката **м-р Ана Никодиновска** е родена на 31 мај 1980 во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје - завршува во Државното средно економско-правно училиште „*Васил Антевски-Дрен*". Во 2005 година дипломира на Универзитетот „*Orientale*" во Неапол, Италија, на Факултетот за политички науки со оценка 9,41. Дипломира по предметот Меѓународно јавно право на тема „*Македонскиот конфликт во 2001 година во меѓународното право*" и се стекнува со *диплома по меѓународни и дипломатски односи*. На задната страница од дипломата е приложен апостил на дипломата и кандидатката поседува соодветна документација за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и за еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Постдипломските студии ги завршува на Универзитетот во Болоња, Италија, на Факултетот за политички науки со просечна оценка 9,25 и се стекнува со академски степен *магистер по социјални политики и стратешки менаџмент за одржлив територијален развој* со вкупно 64 ЕКТС. На задната страница од дипломата е приложен апостил на дипломата и кандидатката поседува соодветна документација за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и за еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Од декември 2009 г. кандидатката пријавува докторска дисертација од областа *студии за евроинтеграции* на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје под менторство на д-р Билјана Ванковска, редовен професор.

Своето работно искуство кандидатката го започнува во јуни 2006 при Одделението за мир и меѓународни односи при Месната заедница на Болоња, Италија, каде стажира вршејќи активности поврзани со проекти за меѓународна соработка на Месната заедница. Во 2007 година таа работи како проектен координатор во Здружението на граѓани „Фронт 21/42", на проектот „Размислувај зелено", финансиран од ОБСЕ, а наменет за подигнување на еколошката свест. Во декември истата година се вработува во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија како проектен асистент на проектот „*Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции*", финансиран од Обединетото Кралство. Во рамките на проектот учествува на разни обуки, семинари и тркалезни маси поврзани со имплементацијата на *Националната програма за усвојување на правото на Европска унија*, при што може да се издвои активноста поврзана со темата за организацијата „*Стандардизирана електронска подготовка и објавување на акти*" од 9 септември 2008 г., одржана во Владата на Република Македонија.

Во октомври 2008 г. кандидатката е избрана за помлад асистент по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На Правниот факултет, кандидатката успешно одржува вежби и други активности поврзани со предметите *Меѓународно јавно право, Политики на Европска унија, Политички систем, Права и слободи на човекот во РМ и Реторика и право*. Исто така, истовремено е ангажирана на проектот *„Правни аспекти на мобингот" 2010-2012* г. од истоимениот факултет. Таа е член на Уредувачкиот одбор и на Издавачкиот совет *на* Годишниот зборник 2009 на Правниот факултет (2010 год.). Таа одлично ги познава и активно ги зборува италијанскиот, англискиот, францускиот и српскиот јазик, и има основни познавања од романскиот јазик. Се занимава со преведувачка дејност за потребите на Одделението за организиран криминал при Јавното обвинителство

на Република Македонија во врска со Твиниг проектот за борба против корупција и организиран криминал меѓу Италија и Република Македонија (2006/2007 год.). Во 2003/2004 год. кандидатката е член на Студентското движење за меѓународна организација од Неапол, Италија. Кандидатката учествува на поголем број обуки и семинари како и на меѓународни конференции во земјава и во странство, за кои има приложено соодветни потврди и сертификати. Од областа на научноистражувачката дејност изработува неколку научноистражувачки и стручни трудови од областа на *меѓународното јавно право, правото на Европска унија и меѓународните односи*. Користи софтверски програми и применува други техники во изведувањето на вежбите и другите активности поврзани со Болоњскиот процес.

Од приложените документи ги издвојуваме најзначајните активности и резултати на кандидатката во областите од наставно-образовната дејност, научноистажувачката дејност и стручно-апликативната дејност.

***Наставно-образовна дејност***

**Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) -** Во рамките на првиот циклус на студии, од изборот во помлад асистент, кандидатката м-р Ана Никодиновска држела вежби по следниве предмети: *Меѓународно јавно право (2+2+1)* во зимски семестар на студентите од Правосудна насока, Јавна администрација, Применета политика и дипломатија: модул Европско право и Новинарство и односи со јавност; *Политики на Европска унија (2+2+1)* во летен семестар на студентите од насоката Применета политика и дипломатија: модул Европско право*; Политички систем (2+2+1)* во летен семестар на студентите од Правосудна насока, Јавна администрација, Применета политика и дипломатија: модул Европско право и Новинарство и односи со јавност; *Права и слободи на човекот во РМ (2+2+1)* во летен семестар на студентите од Новинарство и односи со јавност и *Реторика и право (2+2+1)* во зимски семестар на студентите од Правосудна насока, Јавна администрација и Применета политика и дипломатија: модул Европско право.

**Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма** - Во 2004 г. учествува во научно-популарната емисија на Катерина Тодевска *„Секој на своето“* во Телма телевизија, на тема *„Образовните системи во светот“;* во 2009 г. учествува како претставник од Правниот факултет, УГД – Штип во образовната програма *„Говориме – спориме“* на Мимица Папазова-Наумовска во МРТ на тема *„Здрава исхрана*“.

**Член на комисија на ученички или студентски натпревар** - Во 2009 г. учествува како член во Комисијата за*Државен натпревар по ораторство* организиран од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

***Научноистражувачка дејност***

- **Одржано предавање по покана од научна институција -** На 15 април 2011 година учествува на Јавна трибина на тема *Lezioni sull'Adriatico*, организирани од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и Факултетот за политички науки при Универзитетот во Бари, Италија со презентација под наслов *„Le relazioni bilaterali tra la Repubblica di Macedonia e l'Italia: il Corridoio VIII“*.
- **Учество на научен собир со реферат (постер/усно) -** Од 5 до 18 септември 2010 учествува на 16. Меѓународен научен семинар *„Beyond Enlargment. The wider Europe and the New Neighbourhood*“ во Червија, Италија организиран од Факултетот за политички науки „Roberto Ruffili“ - Форли при Универзитетот во Болоња, од *Istituto per l'Europa centro-orientale e balcanica* и од меѓуанародната организација *Central European Initiative* на тема *„Sustainable development, Green Economy and Civil Society“*, каде што го презентира својот труд под наслов *„The values and principles of Sustainable development seent trough the prism of EU's Foreign Policy"* при што се здобива со 6 универзитетски кредити.

- **Одбранета магистерска работа -** Во септември 2006 на Факултетот за политички науки, при Универзитетот во Болоња, успешно го одбранува својот магистерски труд со наслов „*Меѓународните односи на Месната заедница на Болоња*" и се стекнува со научен степен *магистер по социјални политики и стратешки менаџмент за одржлив териториjален развоj*.
- **Член на уредувачки одбор на научно списание -** Во 2010 година е член на Уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник 2009* на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
- **Студиски престој во странство -** Кандидатката има остварено неколку престои во странство, и тоа: во Република Италија каде ги завршува додипломските и постдипломските студии и каде учествува на научни семинари и во Република Словачка каде учествува на Научна конференција од областа на јавната администрација.

***Стручно-апликативна дејност***

- **Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир**: Кандидатката ги има објавено следниве трудови: НИКОДИНОВСКА, Ана: *„Процесот на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување"*, Годишен зборник 2009 на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2009, стр. 197-211.; НИКОДИНОВСКА, Ана: *„Био-библиографија на проф. д-р Ванче Стојчев"*, Годишен зборник 2009 на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2009, стр. 9- 24.
- **Учество на стручен собир**: Кандидатката има учествувано на следниве стручни собири: *„International Conference on Regional Cooperation, Peace – Enforcement and the role of the treaties in the Balkans"* (20-21.1.2006, Форли); *„IPA training"* (11 – 13.2.2008, Скопје); *„Training Needs Assessment"* (17-18.9.2008, Скопје*); „Вовед во проценка на влијание на регулативата"* (март 2008, Скопје); *„Financial Services"* (31.1-1.2.2008, Скопје); *„Competition Policy"* (4.12.2007; 8.2.2008, Скопје) *„Free Movement of Capital"* (24-25.1.2008, Скопје); *„Freedom of movement for workers"* (18-19.2.2008, Скопје); *„Science and Research"* (7.2.2008, Скопје); *„Човековите права во здравствената заштита"* (12.11.2010, Скопје); *„16th NISPAcee Annual Conference "Public Policy and Administrations: Challenges and Synergies*" (15-17.5.2008, Братислава); *„Четврти меѓународен конгрес на Исламската цивилизација на Балканот"* (14-17.10.2010, Скопје).
- **Учесник во научен проект:** Кандидатката учествува како млад истражувач во двегодишен научноистражувачки проект *„Правни аспекти на мобингот"* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Исто така, таа е учесник како млад истражувач во следниве два проекти коишто се во фаза на апликација: *„Помош на ранливите групи за излез од сиромаштијата: Правни и регулативни пречки за намалување на сиромаштијата на локално ниво"* (од Правен факултет, УГД-Штип) и *„Network of expert on the legal regime of the living Marine Resources and the Environment of the MEDitterranean sea - MAREMEDNET"* (од Факултетот за политички науки при Универзитетот во Неапол „Ориентале").
- **Член на универзитетски и владини тела -** Во 2008 год. кандидатката е член на Тендерска комисија за избор на идејно решение за информативни брошури „*Митови и легенди"* и „*Преговори за членство*" во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија; и во 2010 год. таа е член на Издавачкиот совет за Годишниот зборник 2009 на Правен факултет, УГД – Штип.
- **Изготвување на извештаи и анализи -** Кандидатката ги има изготвено следниве извештаи и анализи: „*Извештај за стандардизирана електронска подготовка и објавување на акти*", „*Извештај за спроведување на серија на обуки за ИПА*", *„Извештај за спроведување на обука за Вовед во проценка на влијанието на регулативата", „Извештај за спроведување на обуки на управување со човечки ресурси" и „Извештај за спроведување на патување за стручно усовршување од областа на јавната администрација во Братислава"*.

***Кандидатката ги има објавено следниве трудови:***

НИКОДИНОВСКА, Ана: *„Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување“*, *Годишен зборник на Правен факултет*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2009, стр. 197-211.

НИКОДИНОВСКА, Ана: *„Био-библиографија на проф. д-р Ванче Стојчев“*, *Годишен зборник на Правен факултет*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2009, стр. 9 -24.

NIKODINOVSKA, Ana: *„The value and principles of Sustainable development seen through the prism of EU Foreign Politics”*, *16th CEI International Summer School of Cervia “Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood”,* Sept 2010, Cervia, Italy.

***Во фаза на подготовка се следниве трудови:***

NIKODINOVSKA, Ana: *„Renewal of the Albano-Macedonian and Turkish Relations. The perspectives of Corridor VIII“*

НИКОДИНОВСКА, Ана: „Концептот на одржлив развој во Европската унија”

NIKODINOVSKA, Ana: „The CFSP under Lisbon. A possible “contamination” of EU’s enlargement policies in candidate countries”

NIKODINOVSKA, Ana: „The normative power of EU in its Foreign Politics”

Кандидатката **м-р Елена Петреска** е родена на 4 март 1982 година во Прилеп. Според документите доставени неоверени на нотар, утврдивме дека кандидатката ги завршува постдипломските студии од обласа на казненото право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просек 8.75. На 15 февруари 2010 г. го одбранува магистерскиот труд на тема „*Казнено-правни аспекти на осигурителни измами*“ и се здобива со научен степен *магистер на правни науки од обласа на казненото право*. Во својата биографија кандидатката наведува дека има положено правосуден испит и дека поседува компјутерски вештини, но за истите нема приложено соодветени потврди или сертификати.

По детално разгледување на пријавата на кандидатката и на доставените документи, Комисијата утврди дека кандидатката ги доставила следниве документи:

- пријава за конкурс;
- една фотокопија од диплома - незаверена на нотар;
- оригинал уверение за положени испити од постдипломски студии и една фотокопија - незаверена на нотар;
- една фотокопија од одлука за одбрана на магистерстки труд -незаверена на нотар;
- една фотокопија од потврда за познавање на англиски јазик.

Кандидатката **м-р Елена Радева** е родена на 16 април 1985 г. во Штип. Од доставените документи незаверени на нотар и од биографијата утврдивме дека кандидатката завршува основно и средно образование во Штип. Во 2003 год. се запишува на Факултетотот за администрација и менаџмент на информациски системи при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и дипломира на 26 јуни 2007 год. со средна оценка 7,83. Завршува постдипломски студии на истиот факултет на студиската програма Јавна администрација со просечна оценка 9,5. На 22 март 2011 г. го одбранува магистерскит труд со наслов „*Степенот на учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки во локалната самоуправа во Република Македонија*“ и се стекнува со научен степен *магистер на науки од обласа на јавната администрација*, при што се здобива со 120 кредити. Надвор од образовната сфера, во 2009 год. за временски период од 6 месеци, кандидатката е ангажирана како волонтер во Општина Штип. Кандидатката доставила фотокопии за познавање на англискиот, италијанскиот и германскиот јазик. Таа поседува и одредени компјутерски вештини, односно ги познава основните оперативни системи.

По детално разгледување на пријавата на кандидатката и на доставените документи, Комисијата утврди дека кандидатката ги доставила следниве документи:
- пријава за конкурс;
- четири копии од уверение за испити од постдипломски студии заверени на нотар;
- четири примероци накратка биографија;
- по четири фотокопии на потврди за познавање на англискиот, италијанскиот и германскиот јазик;
- четири фотокопии од уверение на државјанство.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горенаведените податоци, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Ана Никодиновска ги исполнува во целост критериумите за избор во соработничко звање асистент во научната област право на Европска унија од следниве причини:
- кандидатката м-р Ана Никодиновска во текот на додипломските студии и постдипломските ги полагала предметите кои имаат непосредна врска со предметот *Право на Европската унија (Уставно и споредбено право, Меѓународно јавно право)*;
- кандидатката располага со поширoки познавање од обласга на меѓународните односи и меѓународните организации;
- кандидатката има пријавено докторска дисертација на тема *„Односот помеѓу вредностите и политиките на Европската унија, видени низ призмата на нејзината надворешна политика“* на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- располага со тригодишно педагошко искуство како помлад асистент по предметите: *Меѓународно јавно право, Политики на Европска унија, Политички систем, Права и слободи на човекот во РМ и Реторика и право;*
- зборува течно и пишува на повеќе странски јазици (италијански, француски и англиски јазик).

Врз основа на наведените оценки, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип **за асистент во научната област *право на Европска унија* да биде избрана кандидатката м-р Ана Никодиновска.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Светомир Шкариќ, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Ортаковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

## ПРИЛОГ

### Табела за вреднување на активностите на м-р Ана Никодиновска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

| Ред. број | Наставно-образовна дејност (НО) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | 13 | |
| 2. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 0,5 | |
| 3. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 1 | |
| | **ВКУПНО** | **14,5** | |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 2 | |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | 2 |
| 3. | Одбранета магистерска работа | | 4 |
| 4. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | |
| 5. | Студиски престој во странство | | 8 |
| | **ВКУПНО** | **4** | **14** |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност (СА + ОР) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | 4 | |
| 2. | Учество на стручен собир | 12 | |
| 3. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 5 | |
| 4. | Член на универзитетски и владини тела | 10 | |
| 5. | Изготвување на извештаи и анализи | 0,5 | |
| | **ВКУПНО** | **31,5** | |

| | Во земјава | Во странство |
|---|---|---|
| **ВКУПНО (НО+НИ+СА+ОР)** | **50** | **14** |
| **ВКУПНО (НО+НИ+СА+ОР)** | **64** | |